**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ул. „Методи Митевски Брицо“ 40**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 1**

**12.02.2016 година**

**Службен гласник на општина Делчево** **Уредува**
**Излегува по потреба** **Одделение за ,правни и општи работи**
**Гласникот е бесплатен**

**Февруари 2016**

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
-Градоначалник-
"Светозар Маркович" бр.1, 2320 Делчево
Тел./Факс: +389(0)33 411 550
e-mail: info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 06-254/1
05. 02. 2016 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/2015), Градоначалникот на Општина Делчево го донесува следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Делчево, дека се распишува:

### Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015 и 193/2015), во првиот квартал од 2016год.

- **Во период од 31 ден,** сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од членот 7 од Законот за Просторно и Урбанистичко планирање.
- **Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- **Јавниот повик ќе трае 31 ден**, сметано од објавата во дневното гласило "Нова Македонија".
- **Јавниот повик ќе биде објавен** на интернет страната на Општина Делчево, www.delcevo.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службеното гласило на општината.
- **Заинтересираните правни и физички лица** иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Делчево или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во определениот рок
- **За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативи.
- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Делчево за 2016год.
- **Средствата** за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

**Изработил:**
**Зорка Котев**
**Одобрил:**
**Горан Петровски**

ГРАДОНАЧАЛНИК
Дарко Шехтански